OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 10 декември 2014

## СТАНБЕНИ КРЕДИТИ ОД ОХРИДСКА БАНКА – ЈАСНА И ДОЛГОРОЧНА ВРСКА ЗАСНОВАНА НА ДОВЕРБА

**Охридска банка како банка ориентирана кон клиентите се стреми да воспостави и развие долгорочна врска со своите клиенти базирана на доверба, праведност и транспарентност. Охридска банка е единствена на пазарот која нуди кредити со кредитно животно осигурување за посигурна иднина.**

Аплицирањето за станбен кредит е клучен момент во животот на клиентот за време на неговата врска со банката.

При одредувањето на условите и правилата за кредити, Охридска банка пред сé се води од потребата да се испорачаат јасни и разбирливи информации за клиентите. Клиентите треба да знаат дека најважна информација е целосниот трошок на кредитот, вклучувајќи ги сите камати и провизии кои треба да се платат за цело времетраење на договорот.

Охридска банка има уникатна понуда на пазарот – станбени кредити со кредитно животно осигурување за поголема сигурност. Покрај пониските каматни стапки, овој иновативен производ овозможува заштита на клиентот и неговото семејство од наследени долгови во случај на несакан осигурен настан.

Охридска банка продолжува со своите напори да го зголеми задоволството на клиентите нудејќи кредити адекватни на пазарната ситуација. За подетални информации во врска со промотивната понуда, клиентите можат да ги посетат експозитурите на банката и веб страната www.ohridskabanka.mk

Охридска банка дејствува во согласност со високите стандарди на Сосиете Женерал Групацијата, кои помеѓу другото се однесуваат и на фер и транспарентен однос кон клиентите. Фактот што во изминатите 150 години над 32 милиони клиенти од повеќе од 76 земји и ја подариле довербата на оваа банка е силно уверување за стабилноста на Сосиете Женерал и сите нејзини подружници ширум светот.

Охридска банка секогаш испорачува квалитетна услуга, најповолни услови и советодавна поддршка за клиентите. Економското и социјалното влијание на нашата дејност, транспарентноста на нашата финансиска комуникација и правичноста на нашите практики градат врски кои траат.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013